| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и<br><br>Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и<br><br>Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија и труд |

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за престанување на важењето на Законот за вонсудско спогодување

Скопје, декември 2025 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/14) се уредуваат условите за отворање на постапка за вонсудско спогодување, начинот и постапката на вонсудско спогодување и правните последици од неговото отворање и спроведување.

Со одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.114/2016 од 12 јули 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.93/17) укинати се член 2 и член 28 од Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/14).

Членот 2 од Законот за вонсудско спогодување гласи:

„Член 2
При спроведување на постапката за вонсудско спогодување ќе се применуваат и одредбите од Законот за уредување на рокови за намирување на паричните обврски настанати при деловни трансакции“.

Согласно наведената одлука утврдено е дека во правниот поредок на Република Македонија: „не постои Закон за уредување на рокови за намирување на паричните обврски настанати при деловни трансакции при спроведување на постапката за вонсудско спогодување.“, односно не постои закон со наведениот назив.

Со членот 28 точка 1) е предвидено: „Извештајот за финансиската состојба и работењето на должникот содржи:
1) Финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство кои не се постари од три месеци од денот на поднесувањето на барањето за спроведување на постапка за вонсудско спогодување;“.

Споменатиот Закон за сметководство, како што е наведено во предметната одлука: „е пропис што престанал да важи сметано од 26.7.2002 година кога влегол во сила Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/02), односно во овој случај Законот за вонсудско спогодување упатува на примена на пропис кој престанал да важи.

Со наведената Одлука на уставниот суд констатирано е дека:

„Судот цени дека член 2 и член 28 од Законот за вонсудско спогодување не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, како целини, а не само по однос на оспорените делови, бидејќи она што би останало по евентуалната интервенција не би можело да претставува целосна и правно логична норма со своја самостојна примена во правниот поредок.“

Министерството за економија и труд планираше да ја прекине важноста на овој Закон со завршните одредби од Предлогот на закон за инсолвентност, заедно со постојниот Закон за стечај, но со оглед дека Предлогот на закон за инсолвентност сеуште не е донесен, се носи овој Закон.

Исто така, донесувањето на ваков закон е иницирано од состојба на барање на примена на Законот за вонсудско спогодување и поднесување на предлог за поведување постапка за вонсудско спогодување во конкретен предмет, каде и покрај децидни

известувања од Министерството за економија и труд до предлагачот, дека истото не е можно, се инсистира на донесување акт, односно постапување по предметниот закон (што е спротивно на одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.114/2016 од 12 јули 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.93/17).

Инсистирањето на примена на предметниот закон од страна на предлагачот не само што доведе до вонреден инспекциски надзор на Државниот управен инспекторат (со чиј записник исто така неоправдано се инсистира на примена на предметниот закон и донесување акт согласно член 33 од истиот), а потоа и до тужба до Министерството за економија и труд со која се злоупотребува моменталната состојба односно тоа дека законот сеуште не престанал да важи, каде предлагачот избегнувајќи ја својата обврска да ги намири доверителите, или доколку не е во можност да предложи отворање на стечај, бара истото да падне на товар на министерството, односно буџетот на државата.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со предложениот Закон за престанување на важењето на Законот за вонсудско спогодување се надминува ризикот од правна несигурност, нејаснотии и забуни во практикувањето на правото за субјектите кои се засегнати со конкретната проблематика.

Исто така, со донесувањето на ваков закон се превенира можноста од злоупотреба на некои должници во однос со доверителите, преку неисполнување на обврските или неповедување стечајна постапка при состојба на инсолвентност, да предлагаат примена на "вонсудското спогодување", во услови кога, согласно горенаведените аргументи, тоа практично не е можно.

Министерството за економија и труд планираше да ја прекине важноста на овој Закон за вонсудско спогодување во завршните одредби од Предлогот на закон за инсолвентност, заедно со постојниот Закон за стечај, но со оглед дека Предлогот на закон за инсолвентност сеуште не е донесен, се носи овој Закон.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за престанување на важењето на Законот за вонсудско спогодување не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

Со неговото донесување се превенираат злоупотреби и оштетување на буџетот.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлогот на закон за престанување на важењето на Законот за вонсудско спогодување не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ВОНСУДСКО СПОГОДУВАЊЕ

Член 1

Со овој закон престанува да важи Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/14).

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ВОНСУДСКО СПОГОДУВАЊЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за престанување на важењето на Законот за вонсудско спогодување содржи 2 члена.

Со членот 1 се става вон сила постојниот Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/14), а во согласност со одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.114/2016 од 12 јули 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.93/17), со која се укинати член 2 и член 28 од Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/14).

Со членот 2 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот Закон за престанување на важењето на Законот за вонсудско спогодување се надминува ризикот од правна несигурност, нејаснотии и забуни во практикувањето на правото за субјектите кои се засегнати со конкретната проблематика.